СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ
согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации
Студиска програма: **Италијански јазик и книжевност – Наставна насока**
Циклус на квалификации: I циклус, 240 ЕКТС, VI A

| **Тип на дескриптор** | **Опис** |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Покажуваат способност за течно и спонтано, усно и писмено изразување на италијански јазик. Конзистентно одржуваат висок степен на граматичка точност. Имаат способност да ги применуваат соодветните лингвистички концепти и теории во анализа и интерпретација на јазични структури, како и да користат методолошки пристапи при анализа на различни литературни жанрови, разгледувајќи ги од историски и стилски аспект.<br>Поседуваат теоретско знаење за процесите на усвојување на мајчиниот и на странскиот јазик, како и за развојот и имплементацијата на наставните методи и пристапи во наставата по странски јазик. Поседуваат знаење за методите за ефективно следење и оценување на напредокот на учениците. Знаат да ги идентификуваат различните стилови на учење и да применуваат соодветни методолошки пристапи во наставниот процес кои го поттикнуваат креативното и аналитичко размислување и кои соодветствуваат на различни фази на учење, како и на различни стилови на учење. Исто така, имаат знаење за успешна примена на стратегии за интегрирање на културолошките елементи во наставата по странски јазик. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Знаењето што го поседуваат може вешто да го применат за формулирање на идеи и активно учество во конверзација или дискусија на италијански јазик. Можат да го објаснат своето гледиште на одредена тема, преку јасно излагање на предностите и слабите страни. Покрај тоа, своето знаење може да го применат за детални и прецизни описи на комплексни теми, како и анализа на различни литературни жанрови, опишувајќи ги од историски и стилски аспект. Теоретско знаење за наставните методи и пристапи можат да го применат во наставата по странски јазик преку проектирање и реализирање на активности за учење на странскиот јазик. Можат да применуваат методолошки пристапи и да ги прилагодуваат на различните рамништа на познавање на странскиот јазик. Исто така, знаат успешно да применуваат стратегии за промовирање на иновативни пристапи во наставата по странски јазик. |

| | |
|---|---|
| Способност за проценка | Покажуваат напредна способност за критичко оценување и анализа на информациите кои се поврзани со наставниот процес, преку проценка на различните аспекти на наставната пракса, како што се педагошките стратегии, наставните материјали и постигнувањата на учениците. Своето знаење го користат за планирање на наставниот процес, почитувајќи ги како индивидуалните потреби на учениците, така и нивните социјални и културолошки разлики, обезбедувајќи инклузивен и адаптиран пристап кон учењето. Знаат да направат неопходни прилагодувања на наставниот процес во согласност со потребите на учениците и образовната политика. Поседуваат развиени вештини за проценка на педагошката работа во училиштето, како и способност за идентификување на потенцијалните проблеми кои се јавуваат во образовниот процес. Знаат да понудат соодветни, ефективни стратегии за решавање на овие проблеми, и да предложат конкретни и применливи решенија за подобрување на наставниот процес во училиштето. |
| Комуникациски вештини | Можат да комуницираат и да поврзуваат идеи, проблеми и решенија од различни сегменти на наставниот процес. Може да изберат соодветна фраза од лесно достапен опсег на дискурсни функции за да дадат увод на своето мислење или да го задржат вниманието или вешто да го доведат во врска својот исказ со исказите на другите. Може да продуцираат јасен, течен, добро структуриран говор, покажувајќи контролирана употреба на организациски модели, конектори и кохезивни средства. Поседуваат развиена способност за создавање и негување на взаемни, конструктивни односи со учениците, засновани на почит, разбирање и емпатија. Иницираат и активно се вклучуваат во формирање на организирана соработка со родителите, со цел обезбедување континуирана поддршка на учениците и унапредување на нивниот образовен процес. |
| Вештини на учење | Покажуваат напредни вештини за успешно самостојно учење и примена на стекнатите сознанија во наставата по италијански јазик. Имаат вештини за постапно префрлување на одговорноста за учењето од наставникот врз учениците и поттикнување на учениците да размислуваат за своето учење и да го споделат ова искуство со други ученици. На овој начин се мотивираат учениците да преземат активна улога во своето учење, развивајќи критичко размислување и самостојност. Знаат да го препознаат својот сопствен когнитивен стил и соодветно да развијат и применат сопствени стратегии на учење. Имаат способност да пронајдат, да разберат и, по потреба, да пренесат нови информации, особено со користење на извори на информации на јазикот што го учат, а тоа им овозможува да го подобрат квалитетот на наставата. |